Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 558 | 1 | |

60 16:30

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-5441/1 од 06.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-5441/1 од 06.11.2016 година, емитуван во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-5441/1 од 06.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 06.11.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-5441/1 од 06.11.2016 година, емитуван во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-5441/1 од 06.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година:

- Настојуваше да обезбеди информации од повеќе извори и да сопостават ставови со цел презентирање на јавноста на различни гледишта, при што направен е обид да се издвојат новинарските жанрови, извештај од коментар/осврт со цел јавноста да може јасно да разликува што е информација за настан, а што коментар/став за одреден настан/тема и
- Активностите на Владата и на органите на државната управа се главно вистинити и релевантни,

поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________________
2. Слаѓана Димишкова ____________________
3. Љубомир Костовски ____________________
4. Горан Трпеноски ____________________
5. Цветин Чилиманов ____________________